Република Македонија
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

Согласно член 52 од Изборниот законик (Службен весник на Република Македонија бр. бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16 и 67/17), член 56 од Деловникот на Државната изборна комисија бр.01-1322/1, и известувањето добиено од страна на Државниот завод за статистика бр. 17- 2079/1 од 25.09.2017 година, Државната изборна комисија на седницата одржана на 25.09.2017 година донесе

**ОДЛУКА**
**за заклучување на Избирачкиот список**

1.По спроведените промени кои произлегоа од јавниот увид и спроведените промени кои произлегоа по одлучувањето по барањата на политичките партии, согласно член 49-а од Изборниот законик, согласно дописот од Државниот завод за статистика бр. 17- 2079/1 од 25.09.2017 година, Државната изборна комисија го заклучува Избирачкиот список за Избор на членови на советите на општините и членови на советот на град Скопје и избор на градоначалниците на општините и градоначалник на град Скопје, кои ќе се одржат на 15-ти Октомври 2017 год, со следнава состојба:

Вкупен број на гласачи запишани во Избирачлиот список - **1.814.644 гласачи.**

Од нив:

- Во изводите од Избирачкиот список се запишани 1.735.682 гласачи,
- Во посебните изводи од Избирачкиот список за лицата кои согласно евиденцијата на надлежен орган се на привремена работа или престој во странство, се запишани 77.071 гласачи,
- Во посебните изводи од Избирачкиот список за лица кои за време на изборите се наоѓаат на издржување казна затвор или се во притвор се запишани 1.882 гласачи и
- Во посебниот извод од Избирачкиот список за лица кои согласно евиденцијата на Министерството за труд и социјална политика се водат како внатрешно раселени лица се запишани 9 гласачи.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави на веб страната на Државната изборна комисија.

Бр. 08-2097/1
25.09.2017 година

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
Александар Чичаковски

*Изготвил: Б.Стојковски*
*Одобрил : Д.Јанчев*